**20160300799**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за градење,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9 февруари 2016 година.

Бр. 08-896/1
9 февруари 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ

Член 1

Во Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15 и 217/15), во членот 53 став (3) по зборовите: „телекомуникациската инфраструктура),“ се додаваат зборовите: „за градбите во слободните здравствени зони,“.

Член 2

Во членот 57 став (1) по зборовите: „индустриски и зелени зони основани од Владата на Република Македонија и градбите во овие зони,“ се додаваат зборовите: „слободни здравствени зони и градбите во овие зони,“.

Член 3

Во членот 58 став (3) по зборовите: „телекомуникациската инфраструктура),“ се додаваат зборовите: „за градбите во слободните здравствени зони,“.

Член 4

Во членот 62-а став (4) по зборовите: „правни лица,“ се додаваат зборовите: „за градбите во слободните здравствени зони,“.

Член 5

Во членот 96 став (4) по зборовите: „телекомуникациската инфраструктура),“ се додаваат зборовите: „за градбите во слободните здравствени зони,“.

Член 6

Во членот 101-а став (3) по зборовите: „телекомуникациската инфраструктура),“ се додаваат зборовите: „за градбите во слободните здравствени зони,“.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.